арх. бр. 0901-446/4
датум: 04.10.2016

Врз основа на член 30 ст.1 ал.2 и ст.3 и член 48 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14 и 199/14), Општина Свети Николе за следните работни места распишува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 01/2016
## за пополнување на работно место со унапредување

- **Соработник за образование, култура и спорт со шифра УПР 01 01 В03 000** во Сектор за нормативно-правни работи, поддршка на Градоначалникот, даноци, образование, локален економски развој и социјална заштита, **со реден број бр.35 – 1 (еден) извршител**.

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за административни службеници од категоријата В се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- да е на работно место кое согласно актот за систематизација на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место,
- Да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување,

- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас;
- работно искуство, и тоа: за ниво В3 најмалку една година работно искуство во струката.

**Распоред на работно време**

- **Работни денови** понеделник - петок
- **Работни часови неделно** 40
- **Работно време од** 08:30 **до** 16:30

**Паричен нето износ на плата: 22.428 денари**

**НАПОМЕНА:**

- Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2016 год. Се :Македонец(ка) 1.

- Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

По објавениот интерен оглас, заинтересираниот административен службеник поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата до организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите на таа организациска единица во институции со помалку од 30 вработени, како и до службената електронска адреса на организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите на таа организациска единица во институции со помалку од 30 вработени.

Огласот е со траење од 5 (пет) работни денови, не сметајќи го денот на објавување на огласот на официјалната веб страна на Општина Свети Николе.

**Секретар на**
**Општина Свети Николе**

**Трајче Коцев**